# Буниште од емоции

Џорџ Венистом



Џорџ Венистом

# Буниште од емоции

*Том Восхиџ Венис*

АД ВЕРБУМ

За издавачот Енкеледа Стефановска

Главен уредник Анастасија Гончевска

Copyright © Џорџ Венистом, 2020

Copyright © АД ВЕРБУМ, 2020

Сите права се заштитени. Ниту еден дел од ова издание не смее да биде препечатуван, копиран или објавуван во која било форма или на кој било начин во електронските или печатените медиуми, без писмена согласност од издавачот.

# Буниште од емоции

*Том Восхит Венис*

Џорџ Венистом
2020, човечка димензија

*Сè во животот е сместено меѓу две крајности, две дуалности, меѓу две „лепчиња“ кои ја спојуваат душата, емоцијата, чувството, но и опипливото, дофатливото.*

*Животот е меѓу Небото и Земјата,*
*Душата – меѓу емоциите и чувствата,*
*Телото – меѓу висината и тежината,*
*Времето – меѓу денот (Сонцето) и ноќта (Месечината),*
*Состојбите - меѓу Тагата и Среќата,*
*Богатството – меѓу сиромаштијата и изобилството,*
*Водата – меѓу пареата и мразот...*
*Сè што е меѓу овие крајности е содржина која го прави нашиот ТосТ.*

* Посветена на моите два СТОЛБА кои ми влеваат МУДРОСТ и МОЌ и ми ја покажуваат УБАВИНАТА на животот. Иако беа креирани во Минатото, ја дефинираат Иднината. Затоа што се присутни во секој миг од Сегашноста.

Почитуван читателу,

Во Вашите раце е делото „Бунилште од емоции" од авторот Џорџ Венистом, дело кое ќе предизвика особено внимание само на одреден дел од оние кои ќе го читаат. Тоа значи дека не е наменето за пошироката читателска публика. За кого е наменето? За луѓе кои ги познаваат своите емоции, за луѓе кои знаат да сочувствуваат, за луѓе кои длабоко го познаваат животот. Делото опишува еден краток временски период од животот на авторот полн со љубов, страст, болка и рамнодушност. Описите на спротивностите во живеењето на авторот се полни со пластично опишување на внатрешните чувства, што на секој читател може да му ги разбуди сеќавањата за некои свои настани кои предизвикале љубов, бол, среќа или тага.

Често се вели дека сами си ја кроиме судбината. Судбина, а што е тоа? Дали е тоа среќа, несреќа или слобода, или можеби и љубов?

Точно, без среќа во животот, можеби и нема да биде живот онаков каков секој човек го заслужува. Велиме, тој е среќен човек, затоа што има материјални средства кои чесно ги заработил и со кои ужива во животот каков го посакува. Можеби е среќа што постоиме, што сме се

# СРЕЌА

Трагаме
Ко копачи на злато
Везден со очите шараме
Пулиме, но никако да видиме

Сите се движиме
Во просторот физички
Секој среќа бара
Во некој друг
Во нешто непознато

Богатство трупаме
Од старото се ослободуваме
Секогаш нешто недостасува
По дамарите да постелеме

Но, многу лета не разбираме
Оти среќата не е вон нас
Ниту во другиот, ниту во нештото
Ниту во материјалното, ниту во видливото

Таа, нежна и кревка
Лежи во нашето ЈАС
Скриена, ко ластовица чека
Да се тресneме од нештото
Или око некој да ни извади

За среќата со очи да не ја видиме
За главата да ја разбистриме
И да погледнеме во себе
Во длабочината на нашата душа

И да ја најдеме
Да се радуваме
Заедно да векуваме
Јас и среќата.....

Тешко се стигнува на тоа ниво. Тоа е „буниште" над бунишата. Тогаш Отпадот веќе не е Рај за изгубени души. Се престорува во Рај за души. Освестени. Најдени. Восхитувачки. Созреани. Трансцендирани. Но дотогаш...

Венис повторно шеташе по распарчените делови. Трагаше по светлината. Цела зима не успеваше да најде нешто што го посакуваше нејзината душа. Се препелкаше низ натрупаните нематеријали. Со научената лекција внимаваше. Да не ја згази душата. Да не биде повторно несмасна. Причина за тага. Или, предуслов за раст. Не беше свесна. Само газеше...

И Том трагаше по својата Венис. Полуделот. Ја имаше во душата, недостасуваше во реалноста. Помина низ клучалката. Од другата страна. Не беше во целост. Уште копнееше по своето Јас. Беше светлина, но светлост бараше. Слеп беше, виделина даруваше. Беше цел, но полудел. Продолжи да трага по парче хартија. Таму каде што беа минале многу души. Оставија траги напишани. Правила, доживувања, надежи, очекувања. Така душите, непознати и незнајни, комуницираа. Историја пишуваа. Енергија разменуваа. Течеа во кругот. Не несовршенството. Кон совршеност копнееја. Да се восхитуваат еден со друг...

Знаеја дека и зборот ВОСХИТ почнуваше со

„В“ и завршуваше со „Т“. Сѐ меѓу нив беше во ТосТ. Беше ВЕНИС обмислена од ТОМ. Беше Том обземен од ВЕНИС. Затоа одлучија:

Да продолжи формулата
„ТОМ ВОСХИТ ВЕНИС“
Да бидат повторно Извор на животот.

Да бидат една Душа...

И Венис ја прочита оваа книга. Потврди дека е реална, објективна, но прикажана низ призмата на авторот. Нели, како и секој роман... сагата продолжува...

# ЗА АВТОРОТ

Роден е во меѓупросторот на Светлината. Затоа му се восхитуваше на Сонцето. За да ја создадеше содржината на ТосТот требаше да ја засака и Месечината. Да ја прифати дуалноста во тријадата. Неговата душа беше распослана меѓу две Нивоа на кои Сонцето силно светеше. Постоеја и функционираа. Искрата се „создаде“ на едното парче. Се „роди“ на друго ниво. Знаеше дека без ВЕНИС и без ТОМ секое Парче беше само празнина во времето. Емоции кои се бореа со материјалното. Невидливото со вештачки создаденото. Ја сакаше играта со зборови. Ги правеше содржина во својот ТосТ. Затоа што ја гледаше својата Лика, но ја негуваше својата Душа. Онаа која знаеше да се ВОСХИТУВА на секој напишан збор. Да се радува на тоа што минало и на она што ќе дојде. Да ја живее сегашноста, иако е тажна, непостојана, во движење. Како Душата која Талкаше по Нивото за да најде нешто на кое ќе се Восхитува. Како што си беше ветил, тој ќе продолжи да талка и да создава. За Вас, драги читатели. За своите СТОЛБОВИ...

## Да не заборавиме дека постои и средина наречена сегашност

*- поговор -*

Инспиративната мисла на авторот нè тера на размислување. Ова е дело кое го подучува читателот за правилата на постоењето и играта наречена Живот. Има голема филозофска вредност, бидејќи во него се опишани многу принципи и правила со кои сами може да си го подобриме сопствениот живот. Ни дава мотивација и инспирација да тргнеме во себеосознавање а најдоброто себеосознавање се добива од желбата да живееме и да бидеме наспроти сè. Ни ги предочува препреките и игрите, но и ги дава ставовите и размислувањата кои ќе ни донесат победа во играта наречена Живот. А животот и неговите закони се опишани на суптилен, но реален начин.

Опишана е неговата дуалност. Ова е дуален универзум кој се состои од две спротивности: ден и ноќ, топло - ладно, победа - пораз, верба - разочараност, Сонце - Месечина, минато - иднина, Том - Венис.

Том е слика на самите нас, од нашата потрага по љубовта и среќата, желбата да бидеме разбрани, сакани, да се восхитуваме и да ни се восхитуваат. Авторот со своето знаење за животот го опишува товарот од минатото и како

тој товар нè спречува да одиме понатаму во животот, да почнеме нова игра во новото Буниште. Том живеејќи го животот и барајќи ја постојано својата идеална половина ја научува лекцијата од неговото трагање по мудроста - а мудроста е дека целата среќа лежи во секој еден од нас. Кога ќе одбереме друг фактор како причина за нашата среќа, друго битие, тогаш ја тргаме одговорноста од нас самите. Можеби и најголемата одговорност е самите да ја најдеме нашата среќа, а таа секогаш е поврзана со и се наоѓа во нас. Животот е игра составена од препреки кои мора да ги надминеме за да стигнеме до целта. Без разлика дали таа цел е Венис, нејзината љубов или восхит или разбирање од најблиските, секогаш трагаме по нешто и имаме своја цел. Целта на Том е да се разбере и да се пронајде себеси како нешто бесконечно и неисцрпно, иако тешко е во целост да се разбере и осознае човековата душа. Том го живее животот на секојдневниот човек. Соочен е со разни Буништа, разни луѓе со различни умови, секој со своја цел и различна емоционална интелигенција. Луѓето, трагајќи по својата среќа и играјќи игри во своите Буништа, не се премногу свесни за потребите и целите на оние околу нив. Том се соочува со спротивставени цели не само од Венис, туку и од околината. Авторот го отсликува општеството во кој единката верува дека најголемиот порив е да се опстане за сам себе. А фактички, опстанувајќи за сами себе - ние не опстануваме, бидејќи ние не сме сами себе,

Издавач

АД ВЕРБУМ

ул. Козле бр. 93-1/9 - 1000 Скопје

02/3246-292

office@adverbum.com.mk
www.adverbum.com.mk

*Дизајн на корица*

Кристина Ангелкова

*Подготовка*

Бојан Крстевски

*Лектура*

Климентина Кец

*Објавено*

Скопје, 2020

CIP - Каталогизација во публикација

Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

821.163.3-31

ВЕНИСТОМ, Џорџ

Буниште од емоции [Електронски извор] : Том Восхит Венис / Џорџ

Венистом. - Текст во PDF формат, содржи 142 стр. - Скопје: Ад Вербум, 2020

Начин на пристапување (URL): https://www.stranica.mk. - Џорџ Венистом е псевдоним на авторот. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на

ден 24.11.2020. - [Вовед] / Крсте Маљановски: стр. 7-11. - Да не

заборавиме дека постои и средина наречена сегашност / Жарко Костиќ: стр.

138-142. - За авторот: стр. 137

ISBN 978-608-4759-95-9

COBISS.MK-ID 52554757

Сѐ во животот е сместено меѓу две крајности, две дуалности, меѓу две „лепчиња“ кои ја спојуваат душата, емоцијата, чувството, но и опипливото, дофатливото. Главните ликови во книгата „Буниште од емоции“, Том и Венис, во своето двомесечно интензивно човеково доживување, ги минуваат сите Сцили и Харибди на љубовта, но не доволно вешто за да минат на повисокото ниво на восхитување. Љубовта е таа која ги раздвојува нивните Души, кои како Сонце и Месечина постојано го креираат нивното животно патешествие. Но, тоа не е крај. Тие си ветуваат дека постојано ќе останат во комуникација на енергетско ниво. Дали физички ќе бидат (за)едно, ќе покаже времето изразено во човекова димензија.



9 786084 759959

АД ВЕРБУМ